# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗРАБОТКА НА

**Урбанитички проект за градежно земјиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на дел од кп 940/1 и кп 940/9, кп 940/10, кп 940/11, кп 940/12 и кп 940/13 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга,** со површина од 1,58 ха.

## ВОВЕД

Согласно член 58 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020), според кој урбанистички проект, од ставот 2 точка 3 од истиот член, може да се изработува и врз основа на ГУП за зафати во плански опфат за коишто не е донесен Детален урбнистички план.
Со УП за градежно земјиште, ќе се врши урбанистичко-архитектонска, градежна или техничко–технолошка, планско-проектна разработка на катастарските парцели што ги исполнуваат условите и стандардите за формирање градежна парцела за соодветните стопански и индустриски намени што со генерален урбанистички план се наменети за изградба на стопански, индустриски, енергетски и други техничко-технолошки и специјални намени.

Во таков случај УП се изработува врз основа на Извод од Генерален урбанистички план, а со него се прави разработка на урбанистичкиот план што се однесува само на диспозицијата на површините за градење и организацијата на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат.
Изработката на Урбанитички проект за градежно земјиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на дел од кп 940/1 и кп 940/9, кп 940/10, кп 940/11, кп 940/12 и кп 940/13 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, со површина од 1,58 ха., е во согласност и со член 54 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр.225/20), каде е утврдено дека:

- Урбанистичкиот проект за стопански и индустриски намени се изработуваи врз основа на генерален урбанистички план за зафати во планскиот опфат за коишто не едонесен детален урбанистички план или деталниот план не е усогласен со генералниот.

Во урбанистичките проекти намената е уредена во Генерален урбанистичкиот план што се спроведува со урбанистичкиот проект.

## ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на **Урбанитички проект за градежно земјиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на дел од кп 940/1 и кп 940/9, кп 940/10, кп 940/11, кп 940/12 и кп 940/13 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга,** со површина од 1,58 ха., се наоѓа во западниот дел на индустриска зона Мороишта, во рамките на ГУП на Град Струга.

Пристапот до проектниот опфат е преку постојна улица на источна страна, на дел од кп 940/1 КО Мороишта.

Урбанистичкиот проект се изработува на одобрена иницијатива и Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Струга за 2021 година , усвоена на Совет на Општина Струга на 52-та седница одржана на 30-03-2021година број на одлука 08-1208/26 од 30-03-2021г. Струга и Извод од ГУП на Град Струга, донесен со одлука бр.07-643/7 од 05-04-2007.

Границите на проектниот опфат се:

- На **север** се движи по северната граница на кп 940/1 КО Мороишта, што се граничи со кп 1264 КО Мороишта-отворен канал.
- На **исток** продолжува да се движи по источна граница на кп 940/1 КО Мороишта, што се граничи со кп 1275/2 КО Мороишта
- На **југ** продолжува да се движи покрај долната граница на кп 940/1 КО Мороишта, што се граничи со кп 941/4 КО Мороишта
- На **запад** се движи покрај кп 940/1 КО Мороишта и што се граничи со кп 940/9 КО Мороишта

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 1,58ха (15849.108м$^2$) и е со следните координати на прекршните точки на опфатот:

Површина: 15849.108
Периметар: 558.852

X=7473484.270 Y=4562011.800
X=7473475.430 Y=4562011.140
X=7473443.680 Y=4562008.850
X=7473411.790 Y=4562011.400
X=7473356.360 Y=4562021.970
X=7473347.750 Y=4562024.170
X=7473389.840 Y=4561870.220
X=7473400.210 Y=4561875.660
X=7473405.310 Y=4561878.390
X=7473422.530 Y=4561888.080
X=7473436.070 Y=4561896.320
X=7473441.580 Y=4561911.990
X=7473461.200 Y=4561922.630
X=7473501.890 Y=4561942.510
X=7473531.970 Y=4561951.380
X=7473521.400 Y=4561974.460
X=7473516.220 Y=4561988.580
X=7473515.430 Y=4561992.710
X=7473510.530 Y=4562013.750

RAMIS MERKO

Digitally signed by RAMIS MERKO
DN: cn=RAMIS MERKO gn=RAMIS c=MK o=Opstina Struga ou=VAT - 4026996109422
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023-05-04 12:32+02:00

## ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Просторот во рамки на проектниот опфат на Урбанитички проект за градежно земјиште со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, на дел од кп 940/1 и кп 940/9, кп 940/10, кп 940/11, кп 940/12 и кп 940/13 КО Мороишта, во УЕ 12 (индустриска зона) дел од блок 30, Општина Струга, треба да се разработи градежна парцела со утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби со основната класа на намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, што е во согласност со намената во ГУП (Урбана единица 12, дел од блок 30).
Просторот во рамки на проектниот опфат на овој УП е со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија.

Во Планскиот дел од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри, партерно решение со хортикултура, како и на стационарниот сообраќај, усогласени со важечката законска и подзаконска регулатива која е основа за нивна изработка:
Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 32/20),
- *Правилникот за урбанистичко планирање* („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20)

Согласно **член 134** од правилникот за групата на класи на намена Г - ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА „Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата **– да се обезбедат во рамки на градежната парцела**".

**Проектниот дел** на урбанистичкиот проект да содржи идеејни проекти за градбите во проектниот опфат од соодветните технички струки – архитектонска.
Според дејностите што ги врши УНИПЛАСТ БК Д.О.О. Индустриска зона Мороишта, во Општина Струга, во постојните објекти се врши: производство и развој на производи од армиран полиестер и спага во лесна хемиска индустрија. Во производниот процес се користат платна од стаклена волна кои се комбинираат и натопуваат со полиестерски смоли во течна состојба, кои со помош на два катализатора, поминуваат од течна во тврда агрегатна состојба. Наведените материјали, рачно се нанесуваат на претходно припремени калапи, се додека не се добие потребната дебелина и цврстина на производот. Овој процес се нарекува ламинирање и е флавна фаза во производството на УНИПЛАСТ БК Д.О.О

**ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

Потребно е да се предвиди приклучок на објектот на постојните инсталации за водовод, канализација и електрична енергија.

**ИНВЕСТИТОР:**

УНИПЛАСТ БК Д.О.О.

Индустриска зона Мороишта Струга

Трговско друштво за производство трговија и услуги УНИПЛАСТ БК увоз-извоз ДОО СТРУГА 1

RAMIS MERKO

Digitally signed by RAMIS MERKO
DN: cn=RAMIS MERKO gn=RAMIS c=MK o=Opstina Struga ou=VAT - 4026996109422
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023-05-04 12:32+02:00